Име на проектот: Основен проект за реконструкција на дел од улица Новопланирана улица – 3 во Нерези, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Предмет на работата на овој проект е реконструкција на дел од улицата “Новопланира улица 3”. Рехабилитацијата се однесува на вадење на постоечкиот бехатон со нов асфалтен слој. Должината на улицата е околу 137 метри. Постоечката состојба се карактеризира со променлива широчина од 2 до 2.5 метри по коловозна лента. Коловозната конструкција се состои од бехатон со мали рабници по краевите. Оштетувањето се однесува на горниот слој на бехатонските коцки и дел од долниот строј.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобра инфраструктура во урбано подрачје

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

Ø Полесен проток на возила

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи и потоа следи изведба на позиции за горен строј на улицата и армирачки работи – рок 30 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Реконструирана улица од 137 метри

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

Ø Намалување на сообраќајниот хаос на ова населени место, предизвикано од изградба на нови станбени единици

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 2.082.987,00денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкцијата на дел од улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 107 метри должни, во износ од 1.666.390,00 денари.

1.3 Развојна програма- **Реконструкција на дел од улица Софиска во УЗ Тафталиџе 2- ЈДН**

**Име на проектот:** Основен проект за реконструкција на постојна улична мрежа на ул. Софиска, УЗ Тафталиџе 2, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Бидејќи станува збор за улица со ударни дупки и лош асфалт на тротоарите, со проектот се предвидува асфалтирање на улица чија ширина останува иста. Исто така и тротоарите остануваа исти. Коловозната конструкција е проектирана со два слоја од асфалтот. Долниот слој е проектиран од тампонски слој од 30 cм од тампон од природен камен со големина од 63 мм. Тампонскиот слој под тротоарите е со дебелина од 20cм. Тротоарите се проектирани со павер елементи – бехатон коцки. Предметната улица е лоцирана во УЗ Тафталиџе 2. Должината на улицата изнесува 400 метри. Тротоарите се протегаат по целата должина, а се изработени од павер елементи.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобра инфраструктура во урбано подрачје

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, потоа следи долен строј и изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата – рок 45 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена улица

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 17.611.323,00 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкцијата на дел од улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 107 метри должни, во износ од 14.089.058,00 денари.

1.4. Развојна програма- **Реконструкција на дел од улица Трифун Бузлев во УЗ Тафталиџе 2- ЈДМ**

**Име на проектот:** Основен проект за реконструкција на дел од ул.Трифун Бузев и паркинзи на ул.Трифун Бузев, УЗ Карпош 4, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Предмет на работата на овој проект е реконструкција на дел од улица Трифун Бузев и паркинзите на истата улица. Постојната ширина на улицата од 5.3 метри со проектот се задржува, а исто така од двете страни предвидено е да има тротоари. Од левата страна предвидено е да бидат бехатон плочки и со константна ширина од 2.3

метри, додека од десната страна тротоаарот ќе биде со асфалт и со променлива ширина. Според проектот предвидено е и реконструкција на два паркинзи кои исто така се од асфалт. Оваа улица, како и паркинзите се асфалтирани, но асфалтот е во лоша состојба, односно распаднат. Самата улица е долга 112.33 метри, а паркинзите се со должина од 159,71 метри.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобра инфраструктура во урбано подрачје

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи и потоа следи изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата и паркинзите – рок 45 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Реконструирана улица и тротоари

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

Ø Намалување на сообраќајниот метеж посебно дека тука е лоцирано едно основно училиште и една градинка

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 8.446.205,61 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкцијата на дел од улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 212,04 метри должни, во износ од 6.756.965,00 денари.

1.5. Развојна програма- **Реконструкција на дел од улица К во МЗ Бардовци-ЈДП**

**Име на проектот:** Основен проект за новорпоектирана секундарна улична мрежа за дел од улица К, МЗ Бардовци, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Станува збор за нова улица која е проектирана во должина од 1.082м’ и ширина на улицата од 5 метри. Од двете страни се проектирани тротоари со ширина од 1.5 метри. Во ова влегува и поставување на големи и мали рабници.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на нова инфраструктура во рурално подрачје

Ø Намалување на диспаритетите помеѓу руралните и урбаните средини

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи и потоа следи изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата – рок 90 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена улица од 1.082м’

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

Ø Намалување на сообраќајниот метеж

Ø Намалено време на патување

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 35.145.013,80 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкцијата на дел од улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 882 метри должни, во износ од 28.116.011,00 денари.

1.6. Развојна програма- **Реконструкција на дел од улица Бранислав Нушиќ во УЗ Капош 2- ЈДД**

**Име на проектот:** Основен проект за реконструкција на постојна улична мрежа и тротоари на дел од ул. Бранислав Нушиќ – УЗ. Карпош 2, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Станува збор за улица чии асфалт е доста оштетен со пукнатини и ударни дупки долж улицата. Со проектот ќе се реконструира улицата и тротоарите и ќе се заменат и рабниците. Должина на улицата е 366.62м1 со двостран коловоз со по две коловозни ленти. Тротоарите од една страна се од асфалт, а од друга со бехатон коцки.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобра инфраструктура во урбано подрачје

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи и потоа следи изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата и тротоарите – рок 30 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена улица од 366.62м1 и тротоари

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 10.117.331,80 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкцијата на дел од улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 266,62 метри должни, во износ од 8.093.866,00 денари.

1.7. Развојна програма- **Реконструкција на дел од улица Загребска во УЗ -ЈДГ**

**Име на проектот:** Основен проект за реконструкција на улица Загребска, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Станува збор за улица од калдрма која е многу оштетна со ударни дупки. Со проектот ќе се стави нов асфалт. Должината на улицата е 211,75м1.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на значајно подобра инфраструктура во урбано подрачје

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи и потоа следи изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата и тротоарите – рок 30 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Реконстуирана улица од 211.75м1

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

Ø Полесен пристап за лица кои ја користат болницата за Белодробни заболувања на децата

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 3.888.629,53 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкцијата на дел од улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 171,75 метри должни, во износ од 3.110.904,00 денари.

1.8. Развојна програма- **Изградба на потпорен зид на улица Загребска во УЗ -ЈДФ**

**Име на проектот:** Основен проект за изградба на потпорен ѕид на улица Загребска, Скопје

**Опис на проектот:** Станува збор за постоечка потпорна конструкција која е во доста лоша состојба и потребна е да се замени со нова. Потпорниот ѕид е составен од 8 кампади со должина од 6 метри или вкупно 48 метри. Постојано се рони и постои опасност од негово попуштање.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на значајно подобра инфраструктура во урбано подрачје

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

Ø Спречување од предизвикување на катастрофи од поголеми размери

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се подготвителни работи за обележување на трасата и расчистување на теренот од вегетација со рушење на постоечкиот ѕид. Потоа следат земјаните работи, па бетонски работи, односно вградување на бетон во АБ потпорен ѕид. Следно е дилатација и барбакани од ПВЦ и армирачки работи – рок 90 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Реконстуирана улица од 48м

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

Ø Полесен и побезбеден пристап за лица кои ја користат болницата за Белодробни заболувања на децата

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 2.540.457,40 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изгрдбата на потпорниот зид на дел од улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 38 метри должни, во износ од 2.032.366,00 денари.

**1.9.** Развојна програма- **Изградба на Новопроектирани улица 5, улица 6 и улица 7 во МЗ Бардовци -ЈДИ**

**Име на проектот:** Основен проект за изградба на инфраструктурни објекти на новопланирана улица 5, новопланирана улица 6, новопланирана улица 7, кои се предвидени во блок 2 и 3 во УПС “Бардовци”, Општина Карпош.

**Опис на проектот:** Целта на предлог проектот е изградба на ул. Новопланирана улица “5”, чии почеток е на крстосницата на ул. “Е”, а крајот на ул. “Ж” во должина од 186,37 м’, Новопланирана улица “6” во должина од 284,90м’ и Новопланирана улица “7” во должина од 189,40м’ кои се наоѓаат во руралната заедница Бардовци, во дел во кој урбанистички се развива и е неопходна инфраструктурата. Станува збор за изградба на улици во вкупна должина од 663м1 на подрачје кое не е инфраструктурно уредено, но според урбанистичкиот план предвидено е А1 домување во станбени куќи за индивидуално домување од двете страни на улиците.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на нова инфраструктура мрежа во рурално подрачје

Ø Обезбедување на развој и урбанизација

Ø Обезбедување на подобри услови за домување на жителите на населеното место

Ø Намалување на диспаритетот на ова населено место

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи и одводнување и горен строј. Потоа следи изведба на позиции за горен строј на улицата, поставување на улично осветлување и нисконапонски кабловски развод за улицата. Завршна фаза е асфалтирање на улицата – рок 60 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградени улици од 660,67м1 и тротоари

Ø Подобрена инфраструтура

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

Ø Обезбедени подобри услови во рурално подрачје

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 41.177.244,20 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изгрдбата на потпорниот зид на дел од улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 530,67 метри должни, во износ од 32.941.795,00 денари.

1.10. Развојна програма- **Реконструкција на улица Џумајска УЗ КЈП - ЈДЕ**

**Име на проектот:** Основен проект за реконструкција на постојна улична мрежа на ул. Џумајска – УЗ. Кузман Јосифовски Питу, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Станува збор за улица чии асфалт е доста оштетен со пукнатини и ударни дупки долж улицата. Со проектот ќе се направи реконтсрукција само на коловозот кој опфаќа асфалтна површини, замена на рабници и замена на долен и горен строј. Станува збор за улица чија должина е 517м1 со двостран коловоз со две колововни ленти од должина од по 3 метри и тротоари од бехатон концки од двете страни.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобра инфраструктура во урбано подрачје

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи и потоа следи изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата – рок 45 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена улица од 517м1

Ø Подобрена инфраструктура

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 15.120.992,00 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкција на улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 400 метри должни, во износ од 12.096.794,00 денари.

**1.11.** Развојна програма- **Изградба на улица 1687 во МЗ Бардовци - ЈДХ**

**Име на проектот:** Основен проект за новопроектирана секундарна улична мрежа за ул.“1687” - м.з Бардовци, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Целта на предлог проектот е изградба на секундарна улична мрежа на улица “1687” во должина од 335м’. Оваа улица е една од најважните улици во ова населено место, бидејќи ги спојува улицата 13 и улицата 2 која е централна улица бидејќи води до основното училиште и детската градинка, па мештаните од ова населено место ја користат секојдневно. Предметната улицата е во многу лоша состојба. Голем дел е

земјена, само на мал дел има асфалтна површина која е раскопана, а на дел од улицата има бехатон коцки кои делумно се извадени од мештаните.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на потребна и нова инфраструктура во рурално подрачје

Ø Развој на ова населено место

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, потоа следи долен строј и изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата – рок 30 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена улица во должина од 335м1

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 11.799.705,00 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изгрдбата на улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 265 метри должни, во износ од 9.439.764,00 денари.

**1.12.** Развојна програма- **Изградба на Новопроектирана улица 3 и дел од Новопроектирана улица 2 ЈДК**

**Име на проектот:** Основен проект за новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од ул новопланирана улица 3 и дел од ул новопланирана улица 2, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Предмет на оваа задача е проектирање на дел од улица 3 и дел од улица 2 со асфалт широк 5.5 метри и тротоари од двете страни со ширина од 2.25 метри. Од двете страни се проектирани приклучни влезни раскрсници, а почетокот на улицата е споен со постоечка улица. Станува збор за улица чија должина е 346м1. Постоечката состојба на улицата на еден дел е асфалт кој понатаму се протега низ изградени објекти и неизградено земјиште. Од тука па цели 346м1 се незиградени.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на потребна и нова инфраструктура во урбано подрачје

Ø Развој на ова населено место и обезбедување на потрени услови

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, потоа следи долен строј и изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата – рок 60 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена улица во должина од 346м1

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

Ø Подобрена инфраструктура

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 40.123.422,00 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изградбата на улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 276 метри должни, во износ од 32.098.738,00 денари.

1.13. Развојна програма- **Изградба на Новопланирана улица 7 во УЗ Злокуќани - ЈДЛ**

**Име на проектот:** Основен проект за изградба на улица Новопланирана 7, УЗ. Злокуќани, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Предмет на работа на овој проект е изградба на улица Новопланирана 7 во УЗ. Злокуќани. Согласно проекциите улицата е проектитана да биде 7 метри и од двете страни да има тротоари по цела должина, со ширина од 2 метри. Коловозната конструкција ќе биде со тампонски слој од 30см, а сфалтот со дебелина од 7см и 5 см. Станува збор за дел од индустриска зона Момин Поток во УЗ. Злокуќани. Улицата е непостоечка, па се предвидува нејзина изградба во должина од 353м1. На едната страна од улицата се наоѓаат деловни објекти, а исто така се поврзува со клучка на новоизградениот Бул.Никола Карев кој води кон Качанички пат.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на потребна и нова инфраструктура во индустриско подрачје

Ø Развој на ова населено место и обезбедување на потрени услови како за жителите, така и за бизнис секторот

Ø Поголема безбедност во сообраќајот како за автомобилите, така и за пешаците

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, потоа следи долен строј и изведба на позиции за горен строј на улицата, со завршна фаза асфалтирање на улицата – рок 60 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена улица во должина од 353м1

Ø Зголемена безбедност во сообраќајот

Ø Развој на индустриската зона и бизнисите

Ø Подобрена инфраструктура

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 13.250.560,55 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изгрдбата на улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 283 метри должни, во износ од 10.600.449,00 денари.

1.14. Развојна **програма Изградба на фекална и атмосферска канализација на ул.1687 МЗ Бардовци -ЈИБ**

Име на проектот: Основен проект за изградба на фекална канализација и атмосферска канализација на ул. “1687” - м.з Бардовци, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Целта на предлог проектот е изградба на фекална канализација во должина од 363,44м1 на улица “1687”, како и атмосферска канализација со попивателни бунари во должина на целата улица. Оваа улица е една од најважните улици во ова населено место, бидејќи ги спојува улицата 13 и улицата 2 која е централна улица бидејќи води до основното училиште и детската градинка, па мештаните од ова населено место ја користат секојдневно. Исто така, потребата од изведба на фекална канализација е повеќе од потребна, па на тој начин ќе се реши проблемот со отпадни фекални води од сите куќи кои се наоѓаат на оваа улица. Со проектот се планира и изградба на атмосферска канализација за решавање на проблемот со атмосферските води, кои во услови на дожд и снег, граѓаните имаат отежнат пристап до своите куќи.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобра инфраструктура во рурално подрачје

Ø Решавање на долгогодишен проблем со отпадни води

Ø Намален диспаритет

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи, како и изградбата на фекална и атмосферска канализација со сите претходни работи – рок 30 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградба на атмосферска и фекална канализација во должина од 363,44 метри1

Ø Решен долгогодишен проблем во однос на собирање на отпадните води

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 3.900.939,14 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изгрдбата на фекалната и атмосферската канализација на улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 313,44 метри должни, во износ од 3.636.190,00 денари.

1.15. Развојна програма **Изградба на инфраструктурни објекти на новпланирани улици 5,6 и 7 во МЗ Бардовци -ЈИЕ**

**Име на проектот:** Основен проект за изградба на инфраструктурни објекти на новопланирана улица 5, новопланирана улица 6, новопланирана улица 7, кои се предвидени во блок 2 и 3 во УПС "Бардовци", фаза водовод и канализација, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Целта на предлог проектот е изградба водоводна мрежа во должина од 637м1 која ќе се поврзе со постојна водоводна мрежа Ф200мм, фекална мрежа Ф300мм во должина од 777м1 која треба да се вклучи во постојна фекална канализација Ф600мм на ул.Скупи 20 и атмосферска канализација Ф400мм до Ф1000 со испуст во р. Лепенец во должина од 830м1 на ул. Новопланирана улица "5", чии почеток е на крстосницата на ул. "Е", а крајот на ул. "Ж"', Новопланирана улица "6" и Новопланирана улица "7" кои се наоѓаат во руралната заедница Бардовци, во дел во кој урбанистички се развива и е неопходна инфраструктурата. Со тоа потребата од проширување на постоечката водоводна, атмосферска и фекална мрежа, со изградба на нови е повеќе од

потребна за да се задоволат постоечките и идни капацитети на жителите на оваа урбана заедница.

**Цели на развојната програма:**

- Ø Обезбедување на подобра инфраструктура во рурално подрачје
- Ø Решавање на долгогодишен проблем со отпадни води
- Ø Намален диспаритет

**Планирани активности:**

- Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач
- Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор
- Ø Воведување во работа
- Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата на улицата, земјаните работи, како и изградбата на фекална и атмосферска канализација со сите претходни работи – рок 60 дена
- Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

- Ø Изградба на атмосферска и фекална канализација во должина од 637 м1
- Ø Решен долгогодишен проблем во однос на собирање на отпадните води

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 22.063.109,00 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изгрдбата на инфраструктурните објекти на улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 283 метри должни, во износ од 20.565.726,00 денари.

1.16. Развојна програма **Изградба на фекална канализација ЈИЦ**

**Име на проектот:** Основен проект за изградба на фекална канализација, вон опфат на УП, КО Бардовци – Општина Карпош

**Опис на проектот:** Целта на предлог проектот е изградба на фекална канализација во урбаната заедница Бардовци со должина од 870м’. Овој дел се наоѓа во заштитено подрачје Нерези – Лепенец, а е во близина на индустриската зона Визбегово и урбанизираниот дел на урбаната заедница Бардовци. Со изведба на овој проект основна цел е да се заштити бунарското подрачје, со што ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето, а истовремено со ова ќе се задоволи потребата од зголемување на постоечките капацитети поради зголемување на бројот на население во оваа урбана заедница.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобра инфраструктура во рурално подрачје

Ø Решавање на долгогодишен проблем со отпадни води

Ø Зачувување на животната средина

Ø Намален диспаритет

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности - Почетна активност на проектот се предходни работи за обележување на трасата на фекалната канализација, потоа земјаните, тесарски и завршно монтажни работи.

Ø – рок 90 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена фекална канализација во должина од 870 м1

Ø Решен долгогодишен проблем во однос на собирање на отпадните води

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 10.939.115,48 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изградбата на фекална канализација на улицата ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 820 метри должни, во износ од 10.196.698,00 денари.

1.17.Развојна програма **Изградба на детска градинка ЈУОДГ ПРОЛЕТ - ВАБ**

Име на проектот: Основен проект за објект со класа на намена комбинирана детска установа за ЈУОДГ "Пролет" – објект Пролет 2, на ул. Милан Марковиќ бб, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Градинката "Пролет" е изградена во 1965 година. Бидејќи станува збор за веќе постојан објект, кој е многу стар, изградбата на новиот објект е условена со рушење на постоечкиот монтажен објект и потребата за зголемување на капацитетот на децата. Објектот е многу стар, изграден со цел да биде од времен карактер, но со текот на годините останал 59 години да сервисира услуги на најмладата популација. Поради лошата состојба во која се наоѓа, предвидено е да се заменат четирите бараки кои не само што не се од цврста градба, туку и занималните во нив се несоодветно просторно направени. За новопроектираниот дел се задржува стариот концепт на павилјонски систем и слична диспозиција на павилјоните, со што би се зголемил капацитетот на градинката како и би се подобриле условте во истата.
Новите занимални се со соодветна пропорција, пространи, со висок плафон и добро осветлени. Комуникацијата меѓу павилјоните ќе биде јасна и безбедна.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобри услови за згижување на децата од предшколаска возраст

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности – Обележување на трасата, рушење на старата градинка и изградба на нова – 270 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изградена на нова детска градинка

Ø Зголемен капацитет за згрижување на деца

Ø Намалени листи на чекање

Ø Намалени средства за одржување – енергетско ефикасен објект

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 139.941.109,00 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изградбата на детската градинка Пролет ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

-Во 2026 година се планира да се потрошат средства во износ од 119.941.109,00 денари

1.18. Развојна програма **Изградба на повеќенаменска спортска сала во ООУ Братство, Општина Карпош - НАБ**

Име на проектот: Основен проект за изградба на повеќенаменска спортска сала во ООУ Братство, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Целта на овој објект е да овозможи рекреативни и спортски активности за тренинг, но и за официјални натпревари од локален и регионален карактер во спортови како ракомет, мал фудбал, одбојка, кошарка, пинг – понг, борење, бокс и слично. Централната просторија на салата треба да располага со игралиште дименционирано за ракомет и мал фудбал со димензии од 40 метри должина и 20 метри ширина, како и 7.5 метри височина. Во проектот предвидени се и трибини за следење на натпреваритре и други манифестации од едната продолжена страна на игралиштето и капацитет од 300-400 гледачи. Примарната конструкција на објектот ќе биде челична, од челични столбови и челични носачи, а трибинскиот простор од армирано бетонски елементи.

**Цели на развојната програма:**

Ø Обезбедување на подобри услови за спорт и рекреација на децата од школска возраст

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности – Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата, земјаните, бетонски, монтажни, изолатерски работи, потоа следи покривачки, столарски лимарски и фасадни работи, како и набавка на опрема за спортската сала – 270 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изграден нов спортски комплекс

Ø Одржани меѓународни натпревари

Ø Развој на спортот

**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 63.978.000,00 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изградбата на спортската сала ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира реконструкција на 283 метри должни, во износ од 54.381.300,00 денари.

1.19.Развојна програма **Изградба на повеќенаменска спортска сала во ООУ Димо Хаџи Димов, Општина Карпош - НАА**

Име на проектот: Основен проект за изградба на повеќенаменска спортска сала во ООУ Димо Хаџи Димов, Општина Карпош

**Опис на проектот:** Целта на овој објект е да овозможи рекреативни и спортски активности за тренинг, но и за официјални натпревари од локален и регионален карактер во спортови како ракомет, мал фудбал, одбојка, кошарка, пинг – понг, борење, бокс и слично. Спортскиот терен е со правоаголна форма и димензии 49,9/29,5 метри и максимална висина од 9,9 метри. Спортската сала располага со доволен број на влезови за брза и безбедна евакуација. Одделно од влезот за спортисти, за гледачите се обезбедени два посебни влеза на спротивните краеви од објектот, а покрај влезовите се наоѓаат по две санитарни простории, машки и женски тоалет. Трибините се пресметани и димензионирани да овозможат непречено следење на натпреварите од секое место. Предвидени се вкупно 400 места за седење на трибините. Примарната конструкција на објектот ќе биде челична, од челични столбови и челични носачи, а трибинскиот простор одармирано бетонски елементи.

**Цели на развојната програма:**Ø Обезбедување на подобри услови за спорт и рекреација на децата од школска возраст

**Планирани активности:**

Ø Активностите ќе започнат со објава на тендерска постапка за избор на најповолен понудувач

Ø Избор на најповолен понудувач и потпишување на договор

Ø Воведување во работа

Ø Изведување на градежните активности – Почетна активност на проектот се припремните работи за обележување на трасата, земјаните, бетонски, монтажни, изолатерски работи, потоа следи покривачки, столарски лимарски и фасадни работи, како и набавка на опрема за спортската сала – 270 дена

Ø Поднесување на завршен извештај

**Очекувани резултати:**

Ø Изграден нов спортски комплекс

Ø Одржани меѓународни натпревари

Ø Развој на спортот**Датум на започнување:** 15.10.2025

**Вкупна вредност на проектот:** 63.978.000,00 денари

Поради поголем обем на активности кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, изградбата на повеќенаменската сала ќе се реализира во фази. Реализацијата започна во 2025 година и завршува во 2026 година.

Во 2026 година се планира да се потрошат средства во износ од 51.182.400,00 денари.

За реализација на оваа Развојна програма планираните средства се доделени на општината со Одлука на Влада на РС Македонија.

Овој План на Програми за развој влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-10329/6**
**Датум: 14.11.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Решение за формирање Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања; со Решение за објавување,
2. Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на членови на Советот на Општина Карпош и Предлог за избор на Претседател на Советот; со Решение за објавување,
3. Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош; со Решение за објавување,
4. Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлози за избор на претседатели и членови на Комисиите при Советот на Општина Карпош; со Решение за објавување,
5. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за финансии и локален економски развој; со Решение за објавување,
6. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата (екологија и енергетска ефикасност); со Решение за објавување; со Решение за објавување,
7. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање; со Решение за објавување.
8. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај; со Решение за објавување,
9. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита); со Решение за објавување,
10. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за култура; со Решение за објавување,
11. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за спорт; со Решение за објавување.
12. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прописи; со Решение за објавување,
13. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја; со Решение за објавување,
14. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите; со Решение за објавување,
15. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година, со Решение за објавување,
16. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година, со Решение за објавување,
17. Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година и
18. План на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година, со Решение за објавување.

**Издавач:**
**Општина Карпош**
**Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**